Macedonian/Македонски

# Застанете и размислете

За време на сојузните избори, многу се зборува и пишува за процесот на гласање. **Некои од овие информации може да бидат лажни или погрешни.**

Застанете и размислете за содржината и изворот на тоа што го гледате, слушате или читате за процесот.

Може да се користат текстови, слики, видео и аудио записи создадени со вештачка интелигенција во обид да бидете доведени во заблуда каде да гласате, како да ги пополните гласачките ливчиња или зошто процесот можеби не е веродостоен.
**Ова може да влијае на секого.**

Бидете скептични во разумни граници. Проверете или игнорирајте ги информациите, но не ги споделувајте или повторно објавувајте. Можете исто така да ги пријавите на местото каде што сте ги виделе. Дајте им поддршка на пријателите и на вашето семејство да го сторат истото.

Изборниот систем во Австралија е еден од најверодостојните во светот. Тој им припаѓа на гласачите и сите ние сме одговорни да го заштитиме.

## Не го изложувајте на ризик тоа што го имаме.

### Проверете ја содржината

**Внимавајте на:**

- зборови кои предизвикуваат силни чувства, како што се шок, лутина или возбуда
- прикажување на мал број на опции, наместо на сите
- обвинување на одредена група или личност која не е единствената личност/група одговорна за нешто
- напаѓање на личност наместо фокусот да биде на аргументи.

### Проверете го изворот

**Запрашајте се:**

- Од каде дојдоа информациите? Дали се од веродостоен извор?
- Дали се од Австралија или од странство?
- Дали можеби се работи за вештачка интелигенција? Технологијата на вештачка интелигенција го олеснува создавањето на лажни текстови, слики, видео и аудио записи.
- Зошто се објавени? Дали постои причина зошто некој би се обидел да ве убеди во нешто што не е вистина?

### Проверете на нашата веб-страница

**Добијте вистинити информации:**

- кога да гласате
- како се пребројуваат гласовите
- како се утврдува резултатот
- како AEC ги чува гласовите безбедни.




**aec.gov.au** 13 23 26

Следете нѐ за да слушнете директно од нас

Овластено од претседателот на Изборната комисија, Канбера
Authorised by the Electoral Commissioner, Canberra

25-2108